# Амбасада на Република Македонија во Белград

[redacted]

Број 03-01-127/2
05.03.2015 год.

Амбасада на Република Македонија во Белград

Gospodar Jevremova 34
11 000 Belgrade
Тел. ++ 381 11 328 49 24
Факс. ++ 381 11 328 50 76
Е-пошта:
belgrade@mfa.gov.mk
www.missions.gov.mk/belgrade Е-пошта:

**До**
**Национален совет на Македонците во Република Србија**
**Адреса: Генерала Петра Арачича бр. 2Ц влез 2Д локал 2**
**Панчево**

**Предмет: Јавен повик за аплицирање за стажирање во државните институции на Република Македонија**

Почитувани,

Известуваме дека согласно Програмата на Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи е задолжено да го реализира проектот „Стажирање на Македонци од соседните земји и дијаспората во Република Македонија„

Во таа насока Министерството за надворешни работи објавува Јавен повик за аплицирање за стажирање во државните институции на Република Македонија. Целна група на јавниот повик се студенти од македонско потекло во завршните години на студирање (додипломски или посдипломски студии) на факултетите во земјите со концентрација на македонско национално малцинство и македонска дијаспора.

Избраните кандидати ке бидат распределени да стажираат во оние институции кои работат на проблематиката поврзани согласно нивните образовни квалификации. Дополнително, во зависност од желбата на стажантите и потребата на државните институции, не се исклучува можноста стажирањето да се извршува во неколку институции по принципот на ротација.

Времетраењето на стажирањето, како и периодот на започнување на истото во државните институции на РМ, ќе го утврди МНР, во согласност со потребите на односната институција каде што стажантите ќе бидат распределени и можноста на кандидатот за реализирање на на стажирањето. Истото би било во времетраење до 3(три) месеци.

Патните трошоци (повратен авионски билет, повратен автобуски билет итн) како и фиксен надоместок за сместувањето и исхраната на стажантите во периодот додека трае стажирањето, се на товар на МНР.

Заинтересираните кандидати ќе можат да аплицираат од денот на објавувањето на јавниот повик до 31 декември 2015год.

# Амбасада на Република Македонија во Белград

[redacted]

односно согласно нивните можности за реализирање на стажирањето во Македонија. Потребна документација која треба да се приложи е следната:

- Потврда за стаусот сдудент во завршна година на студирање (додипломски или посдипломски студии) од високо образовната институција на која што кандидатите студираат;
- Кратка биографија (CV)
- Мотивационо писмо; и
- Потврда за македонско потекло за кандидатот

Бараната документација кандидатите потребно е да ја достават електронски на следната адреса: staziranje2015@mfa.gov.mk

Кандидатите кои поднеле уредна документација ќе бидат интервјуирани преку Skype, од страна на комисијата формирана од МНР.

По завршување на постапката на селекција и рангирање на кандидатите, избраните кандидати ќе бидат известени за одлуката како и за условите на реализација на стажирањето.

Амбасадор
Вера Јовановска - Типко

Амбасада на Република Македонија во Белград

Gospodar Jevremova 34
11 000 Belgrade
Тел. ++ 381 11 328 49 24
Факс. ++ 381 11 328 50 76
Е-пошта:
belgrade@mfa.gov.mk
www.missions.gov.mk/belgrade
Е-пошта: